

# Поддршка во самовработувањето за млади и жени





Невработеноста била и продолжува да биде еден од главните проблеми во развојот на Република Македонија. Вработеноста во Република Македонија се карактеризира со многу неповолна полова структура. Оваа структура е непроменета во еден подолг период, пред се, поради нестабилните економски социјални услови во земјата и неусогласеноста на расположивите и потребните профили на пазарот на трудот. Со овој проект се создава можност за финансирање на нови бизнис планови со што ќе се овозможи отварање на нови бизниси и нови работни места.

## Краток преглед на проектот:

### Надлежен:

- Центар за развој на Југоисточен плански регион
- ГТЗ РЕД

### Партнери:

- Центар за развој на Источниот плански регион
- Центар за развој на Југозападниот плански регион

### Времетраење:

22.12.2009 – 30.06.2010

### Контекс:

Зголемувањето на вработеноста, поттикнувањето на економскиот развој и конкурентноста претставуваат стратешки цели во Програмите за развој на четирите плански региони.

### Цел на проектот:

Самовработување и започнување на три нови бизниси со регистрирање на деловна дејност и создавање на нови работни места за вработување на млади и жени.

### Контакт:

Ристо Чивчиев - координатор на проектот
ул. Боро Џони бр. 10
2 400 Струмица
моб. 070/ 238-949
Тел. / факс  034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk





### Цели на проектот

- Избор на нови бизниси за подршка со финансиски средства за отпочнување и регистрација на деловната дејност
- Создавање на нови работни места за невработени млади и жени
- Поттикнување на самовработувањето кај младите и жените

### Резултати од проектот

- Формирани и регистрирани во Центарлниот регистар три (ДООЕЛ) - нови бизниси и тоа во:
  - Југоисточниот плански регион за производство и продажба на традиционално и домашно слатко, како и алкохолни ликери кои ќе бидат приготвени по традиционалниот рецепт на овој регион
  - Истониот плански регион за рачна изработка на волнени теписи
  - Југозападниот плански регион за производство на леб, бели пецива, колачи и слатки по традиционални рецепти
- Евидентирани се 6 нови вработувања во Агенцијата за вработување, а во текот на годината според потребата на призводните процеси вкупно се ангажирани и ќе бидат ангажирани околу 12 сезонски работници.
- Опстојување и проширување на новите бизниси со зголемување на обртот и нови вработувања.